Собранието на Комората на извршители на Република Македонија, врз основа на член 78 точка ѓ) од Законот за извршување („Сл.весник бр.72/2016) и член 22 од Статутот на Комората на извршители на РМ, на седницата на Вонредното Собрание одржана во Струга на ден 30.10.2016 година, и изменет и дополнет на седница на Вонредно собрание одржана на ден 19.05.2017 година во Маврово, го донесе следниот

**Правилник за работа на Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата**

(пречистен текст)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-4925
19.05 2017 год.
СКОПЈЕ

Член 1

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата, (во натамошниот текст „Комисијата"), се грижи за правилна и воедначена примена на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите.

Член 2

Комисијата во рок од 15 дена од изборот е должна да донесе годишен план за контрола на канцеларии на извршители при што задолжително треба да се опфатени најмалку една третина од канцелариите на извршителите.

Годишниот план за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата во извршителските канцеларии со временска рамка за спроведување на контролите од страна на Комисијата се доставува преку Стручната служба на Комората до сите извршители во рок од 15 дена од денот на неговото донесување.

Член 3

Комисијата е должна во текот на една календарска година (во прво и второ шестомесечие) да побара од сите извршители да достават по електронски пат, без исклучок докази за авансно плаќање на цена на администрирање, трошоци и првичен налог, согласно чл. 6 од ЗИ, и тоа за 10 (десет) предмети по случаен избор на Комисијата кај секој извршител поединечно и да состави Извештај за правилна и доследна примена врз основа на примените одговори од извршителите.

Член 4

Комисијата е овластена да поднесе иницијатива до Претседателот заради поднесување предлог за дисциплинска постапка поради дисциплинска повреда сторена со неправилна примена на Тарифата. Комисијата доставува до Управниот одбор тримесечни извештаи за констатираните состојби од спроведените надзори за примена на тарифата. Правилата за работата на Комисијата се утврдуваат со Правилник за работа на Комисијата за внатрешна контрола кој го донесува Собранието на Комората по предлог на Управниот одбор на КИРМ.

Член 5

Извршителите се должни во рок од 8 дена од приемот на барањето од Комисијата да ги достават по електронски пат или по пошта следните докази по цитираните предмети :

-Барање за извршување

-Првичен налог

-Доказ за авансно плаќање-извод од сметка.

Доколку во предметите кај извршителот трошоците не се платени во рок од 30 дена од приемот на предметот извршителот е должен да достави Заклучок за одбивање на барањето за извршување.

Член 6

Ќе се смета дека цената за администрирање и цената на извршното дејствие - состав на првичен налог за извршување е уредно платена, ако е платена најкасно во рок од 30 дена од приемот на барањето за извршување.

Ќе се смета дека извршителот постапил спротивно на законот и тарифата ако цената на извршното дејствие - состав на првичен налог за извршување не е уредно платена во рок од 30 дена од приемот на предметот, и ако извршителот по истек на рокот за плаќање не донел заклучок за одбивање на барањето за извршување согласно обврската од член 46 став 2 од ЗИ.

Ќе се смета дека извршителот постапил спротивно на законот и тарифата ако презел дејствие а претходно не го задолжил должникот да авансира трошоци за поединечно превземено дејствие односно ако по истекот на рокот од 30 дена од денот кога извршителот го задолжил да плати доверителот не постапил по задолжението и не платил цена на извршното дејствие а извршителот по истек на рокот за плаќање не донел заклучок за запирање на извршувањето согласно обврската од член 46 став 3 од ЗИ.

Извршителот е должен да донесе заклучок за одбивање во смисла на претходниот став 3 од овој член, за целиот предмет. Извршителот нема да го запре постапувањето по целиот предмет ако постојат други активни средства за извршување или ако постојат и други должници во постапката, а во барањето има предлог за постапување на и кон другите должници или и со друго средство за извршување.

Член 7

Комисијата е должна да состави Извештај за утврдената фактичка состојба кај сите извршители врз основа на прибраните докази и истиот најкасно до 30 април за првото тромесечие; најкасно до 31 јули за второто тромесечие; 31 октомври за третото тромесечие, односно најкасно до 31 јануари за четвртото тромесечие да го достави на разгледување до Управниот одбор на КИРМ.

Член 8

Управниот одбор во рок од 30 дена од приемот на Извештајот ќе го разгледа истиот и кај извршителите кои не доставиле докази или истите се некомплетни или пак од истите е очигледно дека е постапено спортивно на Кодексот за професионална етика ќе определи надзор од страна на Комисијата.

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата може по исклучок да спроведе и вонредна контрола врз основа на писмени сознанија од претставки од странки доставени до Комората како и врз основа на одлука на УО за вонредна контрола.

Член 9

Комисијата е должна во рок од 90 дена да изврши надзор согласно задолжението од одлуката на Управниот одбор на КИРМ.

За надзорот извршителот ќе биде известен најкасно два дена пред денот на надзорот. Надзорот ќе се врши во присуство на извршителот или неговиот заменик.

Член 10

При вршење на надзорот Комисијата ќе состави записник во кој ќе наведе:

-датум ,час и место и каде се врши надзорот;
-извршните броеви за предметите за кои се прави надзорот;
-констатација од страна на Комисијата дали работењето е уредно,а ако не е уредно,тогаш во што се состои повредата;
-изјава од извршителот кај кого е вршен надзорот;
-потпис на присутните;

Член 11

По завршување на надзорот еден примерок му се доставува на извршителот, а другиот примерок во рок од три дена од составувањето на истиот се доставува до Претседателот на КИРМ.

Член 12

Претседателот на КИРМ е должен доколку во Записникот е константирано дека во контролираните предмети извршителот постапувал без да се наплати цената за администрирање и цената за извршно дејствие-состав на првичен налог за извршување задолжително во рок од 30 дена по приемот на Записникот на Комисијата да поведе дисциплинска постапка против извршителот врз основа на член 59 од Законот за извршување за сторени повреди согласно Законот за извршување.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на негово објавување на веб страната на Комората а ќе започне со примена со денот на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. 72 од 12.04.2016 година).

Комора на извршители на РМ
Претседател,
Зоран Петревски